# АСНОМ документи, Том 1, книга 7, (Одгласот на АСНОМ во соседните земји) избор, редакција и коментар проф. д-р Новица Велјановски, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2004,702.




Во издание на Државниот архив на Република Македонија во годината кога се одбележува јубилејот 60 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, излезе од печат Зборникот на документи со наслов „Одгласот на АСНОМ и македонската државност во соседните земји (1944-1948)".

Овој зборник претставува седма книга од серијата зборници на документи од заседанијата на АСНОМ, од работата на Президиумот, од работата на поверенствата и сл., објавени во претходниве 20-тина години. Во него се содржани документи за одгласот на АСНОМ-ските одлуки во соседните земји. Редоследот на документите во зборникот е направен не според нивното значење туку според земјата од која потекнуваат, а редоследот на земјите е по азбучен ред.

Зборникот има 702 страници, во него се објавени 195 документи за одгласот на АСНОМ од: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Словенија, Србија, Хрватска и Црна Гора. На крајот од зборникот уредно се презентирани регистри на географските поими и на личните имиња.

Објавените документи од албанска провиниенција се од периодот по ослободувањето на Албанија во 1945 година. Тоа се главно статии од весници и извештаи од југословенските дипломатски претставници во Тирана. Иако во документите Македонија секаде се спомнува во југословенски рамки, тоа не го намалува нивното значење. За истакнување е објавениот извештај од југословенските дипломатски претставници во Тирана за положбата на Македонците во НР Албанија. Извештајот јасно ја отсликува крајно тешката економска и социјална состојба на македонското население од селата во пределот на Преспа и заложбите од македонска страна за подигнување на образовното ниво кај ова население.

Документите што носат печат од поранешната југословенска република Босна и Херцеговина се главно објавени статии од весници, поздравни говори или извештаи. Заедничка карактеристика за овие документи е позитивниот „братски"

однос на Босанците спрема АСНОМ и спрема конституирањето на македонската држава. Ова најевидентно се одразува преку френетичната реакција на поздравниот говор на Ацо Петровски, член на Президиумот на АСНОМ, на заседанието на ЗАВНОБиХ во Сараево, во есента 1944 година.

Документите од бугарска провиниенција се најмногубројни во зборникот. На 370 страници се објавени 115 документи, кои хронолошки се однесуваат на периодот 1944-1948 година. Во документите јасно се презентирани промените во официјалниот став на Бугарија во врска со АСНОМ, конституирањето на македонската држава и правата на македонското население во пиринскиот дел од Македонија и присоединувањето на пиринскиот дел кон НР Македонија. Во зависност од тоа дали документот е од 1944 или од 1948 година, евидентен е позитивен или негативен став за претходноспомнатите прашања.

Главна карактеристика на сите објавени документи од Словенија е позитивниот став во врска со конституирањето на НР Македонија, членка на југословенската федерација. Тоа главно се статии и извештаи објавувани во весникот „Људска правица" и „Словенски порочевалец".

Весникот „Словенски порочевалец", во неколку продолженија во 1944 година објавил статии за значењето на Првото заседание на АСНОМ за Македонија и за југословенските народи. За одбележување е констатацијата објавена во едно од продолженијата: „Можеби некој ден ќе можеме да кажеме дека слободна Македонија во слободна и демократска федеративна Југославија е најубавата и најголемата придобивка на заедничката борба на сите југословенски народи. Македонија веќе нема да биде јаболко на раздорот меѓу балканските народи, туку најголема алка на нивното пријателство и соработка".

Извесни опозициски ставови во врска со одлуките донесени на Првото заседание на АСНОМ се евидентни само во некои документи објавени во Србија. Тоа главно се ставови на некои приврзаници на поранешната кралска влада, задоени со големосрпскиот хегемонизам. Од друга страна, пак, во Зборникот се објавени неколку документи - статии од претставници на привремената влада на ДФЈ (Јосип Смодлака и Раде Прибичевиќ), во кои аргументирано е објаснет неоправданиот страв на некои големосрпски политичари дека со одделувањето на српска Македонија од Србија е направено народно предавство.

Делот од зборникот, во кој се објавени документите од хрватска провиниенција главно се статии од весници што содржат информации за актуелните случувања во Македонија во конкретниот период.

На крајот од зборникот се објавени неколку документи од Црна Гора. Тоа се главно фрагменти од записници или поздравни говори на заседанијата на Земското антифашистичко собрание на народното ослободување на Црна Гора (ЗАВНОЦГ), низ кои провејува позитивниот став за конституирањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација.

Од веќе претходноспомнатото може да констатираме дека овој зборник претставува продолжување на претходните зборници од веќе спомнатата серија.

Презентираните документи ни овозможуваат јасно да ја видиме и другата страна на медалот, т.е. каков одек имало конституирањето на македонската држава кај соседните земји.

Зборникот ќе ја пополни постојната празнина во поновата историја на Република Македонија за тоа како светот - соседните држави го видоа и го прифатија конституирањето на македонската држава. Евидентните позитивни реакции се само потврда повеќе за големината на АСНОМ, со што пак тој добива интернационална димензија.

Љубица К. ЈАНЧЕВА